Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-343/6
15.09.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 343/1 од 20.06.2022 година, поднесена од [redacted], во име на [redacted] против [redacted] за сторено сексуално вознемирување врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 15.09.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол и род сторено од [redacted] врз [redacted] во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 343/1 од 20.06.2022 година, од страна на [redacted]а, во име на [redacted], за сторено сексуално вознемирување врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted]

Во поднесената претставка се наведува дека на Youtube каналот [redacted] на 05.06.2022 година била поставена епизода 29 на емисијата [redacted] – Производи за заштита од сонце/ Кански фестивал/ Матурска модна катастрофа, на која емисија водител е [redacted] Во делот „Матурска модна катастрофа“, од 25:40 секунда до 29:00 минута водителот ја коментира [redacted] и нејзиниот изглед за матурската вечер. Водителот изгледот на [redacted] го нарекува распад матурски изглед, катастрофа, лошо естрадски. Дополнително, го коментира и нејзиното позирање. Нејзиниот фустан го нарекува „дрпнат“, „мега дрпнат“. Во продолжение наведува: „Фустан како да работела стриптизета ама ја избркале, затоа што и фустанот не ѝ е доволно стриперски, не е ни доволно моден. Што мислеше со тоа косиште...Неа ѝ фучи битно, битно се бендиса во овој распад фустан, како избркана стриптизета од автопат.“

Според наводите во претставката по објавување на епизодата, [redacted] добивала пораки, кои дополнително влијаеле на повредата на нејзиното достоинство и придонеле кон нарушување на нејзиното психофизичко здравје, како и проширување на заканувачката, непријателската, понижувачката и застрашувачката средина која ја предизвикал потенцијалниот дискриминатор. Воедно се наведува дека подносителката е млада девојка, на возраст од 19 години, врз која ваквото вознемирување може да предизвика сериозни последици по здравјето, интегритетот и достоинството и да ја доведат до животно – загрозувачка состојба.
Од содржината на претставката произлегува дека подносителката е жртва на родово базирано вознемирување и сексуално вознемирување преку интернет.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 08.07.2022 година испрати Известување бр. 08 - 343/4 и на ден 25.08.2022 година испрати Известување бр. 08 - 343/5 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

Потенцијалниот дискриминатор не се произнесе по наводите од претставката во законски предвидениот рок.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на посочената епизода од емисијата [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за сексуално вознемирување од член 10, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека [redacted] со изнесената содржина во епизодата 29 од емисијата [redacted] преку сексуално објективизирање на изледот на [redacted] предизвикал повреда на нејзиното достоинство, создал заканувачка, непријателска и понижувачка средина, со што сторил сексуално вознемирување врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми врз [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува [redacted] да ја отстрани епизодата 29 на емисијата [redacted] со [redacted]– Производи за заштита од сонце/ Кански фестивал/ Матурска модна катастрофа, со чијашто содржина предизвикал сексуално вознемирување кон подносителката на претставката и јавно да се извини за предизвиканото сексуално вознемирување. Јавното извинување потребно е да го изнесе во својата емисија [redacted] во рок од 30 дена од прием на мислењето и препораката и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Воедно му се препорачува на [redacted] во иднина да се воздржи од изнесување на содржини кои продуцираат вознемирување во јавниот, медиумски простор врз основа на пол и род или било која од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот

за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекрошочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
15.09.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk